С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

на

Општина Ранковце

Службен гласник на Општина Ранковце Издавач: Општина Ранковце излегува по потреба	Година XXVII број 11 16 Ноември 2026 година Ранковце	Гласникот е бесплатен

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал, за 2026 година

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи за извршување на Буџетот на Општина Ранковце К1,К2,К3, за трет квартал за 2026 година донесено на 15-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 13.11.2026 година.
2. Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи за извршување на Буџетот на Општина Ранковце К1,К2,К3, за трет квартал за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1462/1
16.11.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.22/24) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 15-та седница одржана на ден 13. 11. 2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал, за 2026 година

1. СЕ УСВОЈУВААТ Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал, за 2026 година.

2. Составен дел на овој Заклучок се Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал, за 2026 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-1435/4
13.11.2026 год.
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Развојна Програма ЈДЦ за Изградба на дел од локален општински пат с.Псача-с.Петралица (Дикина маала-Радуев рид) Л=1.191км

1. Се прогласува Развојната Програма ЈДЦ за Изградба на дел од локален општински пат с.Псача-с.Петралица (Дикина маала-Радуев рид) Л=1.191км, донесена на 15-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 13.11.2026 година.
2. Развојната Програма ЈДЦ за Изградба на дел од локален општински пат с.Псача-с.Петралица (Дикина маала-Радуев рид) Л=1.191км, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1462/2
16.11.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите („Сл. Весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Советот на општина Ранковце на седницата одржана на ден 13.11.2026 година, донесе

РАЗВОЈНА ПРОГРАМА
ЈДЦ – Изградба на дел од локален пат с. Псача-с. Петралица (Дикина маала-Радуев рид)

1. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за Развојната Програма ЈДЦ Изградба на дел од локален општински пат с. Псача-с. Петралица (Дикина маала-Радуев рид) Л=1.191 км, се обезбеди преку повикот на Владата за аплицирање за средства за реализација на капитални проекти во општините, од каде и се обезбедуваат овие средства. Истите се предвидуваат во Буџетот за 2026 и 2027 година, Согласно Одлуката за користење на средства за

капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/2025).

2. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

Расходите за реализација, според намената и време на реализација:
Во буџетот за 2026 година или за првата фаза од изградбата се предвидуваат 2.566.220,00 денари.
Во буџетот за 2027 година или за втората фаза од изградбата се предвидуваат 6.339.580,00 денари.
Вкупните расходи за изведба на оваа капитална инвестиција изнесуваат 8.905.800,00 денари.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Цели на Програма ЈДЦ се подобрување на условите и квалитетот на живот на жителите на општина Ранковце, преку проект за подобрување на сообраќајната инфраструктура во село Петралица, општина Ранковце. Согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/2025), предвидуваме 28.82% од середствата во 2026 година, 71.18% од средствата во 2027 година.
Развојната програма ЈДЦ - Изградба на дел од локален општински пат с. Псача-с. Петралица (Дикина маала-Радуев рид) Л=1.191 км влегува на сила со денот на донесувањето.

Бр. 09-1435/5
13.11.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Ненад Петковски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Развојна Програма ЈДД за Реконструкција на дел од локален пат во село Опила, од км+950 до км 2+937

1. Се прогласува Развојната Програма ЈДД за Реконструкција на дел од локален пат во село Опила, од км+950 до км 2+937, донесена на 15-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 13.11.2026 година.
2. Развојната Програма ЈДД за Реконструкција на дел од локален пат во село Опила, од км+950 до км 2+937, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1462/3
16.11.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите („Сл. Весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Советот на општина Ранковце на седницата одржана на ден 13.11.2026 година, донесе

РАЗВОЈНА ПРОГРАМА
ЈДД – Реконструкција на дел од локален пат во село Опила, општина Ранковце

1. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за Развојната Програма ЈДД Реконструкција на локален пат во село Опила, се обезбеди преку повикот на Владата за аплицирање за средства за реализација на капитални проекти во општините од каде се обезбедуваат средства во износ од 10.679.921,00 денари и кофинансирање од буџетот на општина Ранковце во износ од 1.709.424,00 денари. Истите се предвидуваат во Буџетот за 2025, 2026 и 2027 година, Согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/2025).

2. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

Расходите за реализација, според намената и време на реализација:
Во буџетот за 2025 година или за првата фаза од изградбата се предвидуваат 1.521.925,00 денари.
Во буџетот за 2026 година или за втората фаза од изградбата се предвидуваат 3.034.691,00 денари.
Во буџетот за 2027 година или за третата фаза од изградбата се предвидуваат 7.832.729,00 денари.
Вкупните расходи за изведба на оваа капитална инвестиција изнесуваат 12.389.345,00 денари.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Цели на Програма ЈДД се подобрување на условите и квалитетот на живот на жителите на општина Ранковце, преку проект за подобрување на сообраќајната инфраструктура во село Опила, општина Ранковце. Согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/2025), предвидуваме 12.28% од середствата во 2025 година, 24.49% од средствата во 2026 година, а останатите 63.22% од средствара во 2027 година.

Развојната програма ЈДА - Реконструкција на локален пат во село Опила, општина Ранковце влегува на сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1435/6
13.11.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Развојна Програма ЈДЕ за Реконструкција на локален пат во с. Гиновци (А2-Железничка пруга) Л=518м

1. Се прогласува Развојната Програма ЈДЕ за Реконструкција на локален пат во с. Гиновци (А2-Железничка пруга) Л=518м , донесена на 15-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 13.11.2026 година.
2. Развојната Програма ЈДЕ за Реконструкција на локален пат во с. Гиновци (А2-Железничка пруга) Л=518м , да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1462/4
16.11.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџетите („Сл. Весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Советот на општина Ранковце на седницата одржана на ден 13.11.2026 година, донесе

РАЗВОЈНА ПРОГРАМА
ЈДЕ – Реконструкција на локален пат во с. Гиновци (А2-Железничка пруга)

1. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за Развојната Програма ЈДЕ- Реконструкција на локален пат во с. Гиновци (А2-Железничка пруга) Л=518 м., се обезбеди преку повикот на Владата за аплицирање за средства за реализација на капитални проекти во општините, од каде и се обезбедуваат овие средства. Истите се предвидуваат во Буџетот за 2026 и 2027 година, Согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на

транспортот за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/2025) .

2. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

Расходите за реализација, според намената и време на реализација:
Во буџетот за 2026 година или за првата фаза од изградбата се предвидуваат 1.856.896,00 денари.
Во буџетот за 2027 година или за втората фаза од изградбата се предвидуваат 1.736.165,00 денари.
Вкупните расходи за изведба на оваа капитална инвестиција изнесуваат 3.593.061,00 денари.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Цели на Програма ЈДЕ се подобрување на условите и квалитетот на живот на жителите на општина Ранковце, преку проект за подобрување на сообраќајната инфраструктура во село Гиновци, општина Ранковце. Согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/2025), предвидуваме 51.68% од средствата во 2026 година, и 48.32% од средствата во 2027 година.
Развојната програма ЈДЕ - Реконструкција на локален пат во с. Гиновци (А2-Железничка пруга) влегува на сила со денот на донесувањето.

Бр. 09-1435/7
13.11.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за давање на приоритет и кофинансирање на проект „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти фаза 2”- Четврт повик за финансирање на техничка документација за општински инфраструктурни проекти

1. Се прогласува Одлуката за давање на приоритет и кофинансирање на проект „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти фаза 2”- Четврт повик за финансирање на техничка документација за општински инфраструктурни проекти, донесена на 14-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 30.10.2026 година.
2. Одлуката за давање на приоритет и кофинансирање на проект „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти фаза 2”- Четврт повик

за финансирање на техничка документација за општински инфраструктурни проекти, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1462/5
16.11.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце” бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 15-та седница одржана на ден 13.11.2026 година ја донесе следнава одлука:

ОДЛУКА
За давање на приоритет и кофинансирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти фаза 2” - Четврт повик за финансирање на техничка документација за општински инфраструктурни проекти

Член 1

Советот на Општина Ранковце давање на приоритет на проектотот за достава на барањето за грант за проектот „Изработка на техничка документација за изградба и опремување на објект за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во Општина Ранковце „ како дел од проектот „Јакнење на општинските капацитети имплементација на проекти фаза 2” - Четврт повик за финансирање на техничка документација за општински инфраструктурни проекти на Министерството за локална самоуправа и Ресурсниот центар за поддршка за развој на општините , во партнерство со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) , со финансиска подршка на Шведска и национално кофинансирање .

Член 2

За реализација на проектот „Изработка на техничка документација за изградба и опремување на објект за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во Општина Ранковце„ во рамки на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти- Фаза 2” - Четврт повик за финансирање на техничка документација за општински инфраструктурни проекти, Општина Ранковце од сопствениот буџет ќе учествува со фиксно сопствено кофинансирање за категорија мал грант од 20% односно со износ од најмалку 270.925,00 денари и ја прифаќа обврската за покривање на дополнителните трошоци над обезбедените средства од грантот .

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце”.

Бр. 09 –1435/8
Ранковце
13.11.2026 година

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал, за 2026 година**
2. **З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал, за 2026 година**
3. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Развојна Програма ЈДЦ за Изградба на дел од локален општински пат с.Псача-с.Петралица (Дикина маала-Радуев рид) Л=1.191км**
4. **РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЈДЦ – Изградба на дел од локален пат с. Псача-с. Петралица (Дикина маала-Радуев рид)**
5. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Развојна Програма ЈДД за Реконструкција на дел од локален пат во село Опила, од км+950 до км 2+937**
6. **РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЈДД – Реконструкција на дел од локален пат во село Опила, општина Ранковце**
7. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Развојна Програма ЈДЕ за Реконструкција на локален пат во с. Гиновци (А2-Железничка пруга) Л=518м**
8. **РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЈДЕ – Реконструкција на локален пат во с. Гиновци (А2-Железничка пруга)**
9. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за давање на приоритет и кофинансирање на проект „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти фаза 2”- Четврт повик за финансирање на техничка документација за општински инфраструктурни проекти**
10. **ОДЛУКА за давање на приоритет и кофинансирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за импементација на проекти фаза 2” - Четврт повик за финансирање на техничка документација за општински инфраструктурни проекти**